# ОСНОВЕН СУД
# ВИНИЦА



# Извештај за работа на Основен суд Виница за 2022 година

ВИНИЦА, ФЕВРУАРИ 2023

# Содржина

1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ ........................................................................................... 2
2.СУДСКА УПРАВА ........................................................................................................ 4
3.КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИТЕ НА НИВО НА СУД .................................................... 4
4.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ОДДЕЛ....................................................4
5.КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА ОДДЕЛ ................................................ 5
6.СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ ......................................................................... 5
7.ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ ......................................................................................6
8.ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА............................................................................ 6
9.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ................................................................................................. 6

**1.Предметно работење на ниво на суд**

Според годишниот распоред за 2022 година во рамките на расположивиот број на судии, еден судија работел на предмети од кривичната област, а еден судија на предмети од граѓанска област и ВД Претседателот на судот, кој е судија на Апелационен суд Штип и кој покрај претседателските работи, работите на администратор, постапува и по граѓански замолници, заверка на договори за доживотна издршка и договор за одстапување на имот за време на живот, заверка на документи со Апостил печат, КРИ предмети, а од 17.11.2022 година, постапувл и по прекршочни предмети, предмети од извршување на санкции и како претседател на Кривичен совет.

Поради недоволен број на судии за формирање на кривичен совет е барано од Апелациониот суд Штип да делегира други судии од подрачјето на тој суд.

Почетокот на 2022 година, Основен суд Виница го започна со заостаток од 703 предмети. Во текот на 2022 година судот работел со двајца судии и претседател на судот. Еден од судиите кој работи на кривична материја со Одлука на Судскиот совет времено беше упатен за вршење на судиската функција од Основен суд Кочани во Основен суд Виница до 12.11.2022 година.

Во 2022 година во судот примени се нови предмети на број **4148**. Со повторно земенитe предмети во работа 35 и заостатокот од 2021 година 703 предмети, судот во 2022 година е имал во работа вкупно **4886** предмети. Споредбено со 2021 година во судот имало повеќе во работа **60** - нормирани и ненормирани предмети. Во 2022 година судот го совладал приливот на предмети и заостатокот на предмети го намалил **за 152,** па со тоа судот е апсолутно ажурен**.** Работењето на ниво на суд во 2022 година е прикажано во следниот графички приказ:

| Нерешени премети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **703** | **4148** | **35** | **0** | **4886** | **4335** | **551** |

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО 2022 ГОДИНА

| | ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА | Нерешени - редовни | Нерешени - од укинати | Новопримени предмети | Примени по РПЛ | Примени по ВПЛ | Примени други причини | Погрешно заведени | Вкупно примени | Вкупно во работа | Решени редовни | Решени по РПЛ | Решени по ВПЛ | Решени други причини | Вкупно решени предмети | Останати нерешени - редовни | Останати нерешени - по укинати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Истраги **КИ** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Определени истражни дејствија **ОИД** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | К-ПП | | | 25 | | | | | 25 | 25 | 25 | | | | 25 | | |
| | Разни кривични предмети **КРИ** | | | 617 | | | | | 617 | 617 | 617 | | | | 617 | | |
| Кривични полнолетни | Кривични полнолетни **К** | 59 | 1 | 97 | 10 | 1 | | | 108 | 168 | 81 | 5 | | | 86 | 75 | 7 |
| | Повторување на постапка **К-ПОВ** | | | | 1 | | | | 1 | 1 | | | 1 | | 1 | | |
| | Кривичен совет **КС** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Условен отпуст **УО** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Вонредно ублажување на казна **КУК** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Помилување **КП** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Замолници **ЗАМ** | 1 | | 8 | | | | | 8 | 9 | 9 | | | | 9 | | |
| | Кривичен совет- предистражна п. - **КС-КР** | 2 | | 47 | 1 | | | | 48 | 50 | 48 | 1 | | | 49 | 1 | |
| | ***Вкупно кривични предмети*** | 62 | 1 | 794 | 12 | 1 | | | 807 | 870 | 780 | 6 | 1 | | 787 | 76 | 7 |
| | Прекршочни предмети **ПРК-С, ПРК-О, ПРК-Ј** | 440 | 2 | 567 | 15 | | 3 | | 585 | 1027 | 761 | 13 | | 3 | 777 | 246 | 4 |
| | Разни прекршочни предмети **ПРК-Р** | | | 106 | | | | | 106 | 106 | 106 | | | | 106 | | |
| | **ИКС и ИКП** | 46 | | 65 | | | | | 65 | 111 | 63 | | | | 63 | 48 | |
| | Извршни прекршочни парични казни **ИПРК** | 15 | | 599 | | | | | 599 | 614 | 582 | | | | 582 | 32 | |
| | Затворски предмети **КУИКП** | 5 | | 25 | | | | | 25 | 30 | 16 | | | | 16 | 14 | |
| | Извр. санкции - Прекин на издрж. казна **ПК** | | 1 | | | | | | | 1 | | 1 | | | 1 | | |
| | Мерки на безбедност | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | ***Вкупно извршување санкции*** | 66 | 1 | 689 | | | | | 689 | 756 | 661 | 1 | | | 662 | 94 | |
| | Имотни спорови **П1** | 6 | | 12 | 1 | | | | 13 | 19 | 14 | 1 | | | 15 | 4 | |
| | Семејни спорови **П2** | 11 | | 33 | | | | | 33 | 44 | 37 | | | | 37 | 7 | |
| | Имотни спорови стекнат во брак **П3** | | | 3 | | | | | 3 | 3 | 2 | | | | 2 | 1 | |
| | Облигациони спорови **П4** | 9 | | 26 | | | | | 26 | 35 | 28 | | | | 28 | 7 | |
| | Уписник за клевета и навреда **П5** | 1 | | 2 | | | | | 2 | 3 | 2 | | | | 2 | 1 | |
| | Работни спорови **РО** | 5 | | 69 | 1 | | | | 70 | 75 | 59 | 1 | | | 60 | 15 | |
| | Спорови од мала вредност **МАЛВП** | 2 | | 10 | | | | | 10 | 12 | 12 | | | | 12 | | |
| | Повторување на постапката | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Платни налози по приговор **ПЛ1** | 3 | | 23 | 1 | | | | 24 | 27 | 21 | 1 | | | 22 | 5 | |
| | ***Вкупно парнични предмети*** | 37 | | 178 | 3 | | | | 181 | 218 | 175 | 3 | | | 178 | 40 | |
| Оставински и вонпроцесни предмети | **ППНИ** | | | 16 | 1 | | | | 17 | 17 | 16 | 1 | | | 17 | | |
| | Останати вонпарнични предмети **ВПП** | | | 5 | | | | | 5 | 5 | 5 | | | | 5 | | |
| | Физичка делба **ВПП1** | 1 | | 3 | | | | | 3 | 4 | 2 | | | | 2 | 2 | |
| | Мерки за обезбедување **ВПП2** | | | 9 | | | | | 9 | 9 | 9 | | | | 9 | | |
| | Одземање деловна способност **ОДС** | 1 | | 1 | | | | | 1 | 2 | 2 | | | | 2 | | |
| | Разни граѓански предмети **Р, РП** | | | 5 | | | | | 5 | 5 | 5 | | | | 5 | | |
| | Разни вонпарнични предмети **РВПП** | | | 23 | | | | | 23 | 23 | 23 | | | | 23 | | |
| | Противизвршување **ПИ** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Оставина **О** | 91 | | 172 | | | | | 172 | 263 | 181 | | | | 181 | 82 | |
| | Оставина по приговор **О1** | | | 4 | | | | | 4 | 4 | 4 | | | | 4 | | |
| | Замолници **ПОМ** | | | 14 | | | | | 14 | 14 | 14 | | | | 14 | | |
| | **ЗАВ-Х** Апостиле | | | 814 | | | | | 814 | 814 | 814 | | | | 814 | | |
| | **ЗАВ** | 1 | | 16 | | | | | 16 | 17 | 17 | | | | 17 | | |
| | **ИДС** | | | 1 | | | | | 1 | 1 | 1 | | | | 1 | | |
| | ***Вкупно вонпроцесни предмети*** | 94 | | 1083 | 1 | | | | **1084** | **1178** | 1093 | 1 | | | **1094** | **84** | |
| | ***Вкупно граѓански оддел*** | 131 | | 1261 | 4 | | | | **1265** | **1396** | 1268 | 4 | | | **1272** | **124** | |
| | ***Вкупно кривичен оддел*** | 568 | 4 | 2156 | 27 | 1 | 3 | | **2187** | **2759** | 2308 | 20 | 1 | 3 | **2332** | **416** | **11** |
| | ***ВКУПНО ПРЕДМЕТИ*** | 699 | 4 | 3417 | 31 | 1 | 3 | | **3452** | **4155** | 3576 | 24 | 1 | 3 | **3604** | **540** | **11** |
| | Административна работа на Судот СУ, СУ–ДОВ, СУ-СТР-ДОВ, СУ -ИЗЗ | | | 718 | | | | | 718 | 718 | 718 | | | | 718 | | |
| | **УПП и СПИ** | | | 13 | | | | | 13 | 13 | 13 | | | | 13 | | |
| | ***СЕ ВКУПНО*** | 699 | 4 | 4148 | 31 | 1 | 3 | | **4183** | **4886** | 4307 | 24 | 1 | 3 | **4335** | **540** | **11** |

## 2.Судска управа

| Вид на предмети од уписник | Нерешени предмети на почетокот на годината | Новопримени предмети | Погрешно заведени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СУ- СУ-07** | **0** | **696** | **0** | **696** | **696** | **0** |
| **СУ-ДОВ и СУ-СТРДОВ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **СУ-ИЗЗ** | **0** | **22** | **0** | **22** | **22** | **0** |
| **УПП** | **0** | **1** | **0** | **1** | **1** | **0** |
| **СПИ** | **0** | **12** | **0** | **12** | **12** | **0** |
| **Вкупно** | **0** | **731** | **0** | **731** | **731** | **0** |

## 3.Квалитет на предметите на ниво на суд

| Решени предмети | потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | Број | % | број | % | број | % |
| **1130** | **76** | **6,7%** | **33** | **2.9%** | **14** | **1,2%** |

## 4.Предметно работење на ниво на оддел

Кривичен оддел

| Нерешени премети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **572** | **2156** | **31** | **0** | **2759** | **2332** | **427** |

Граѓански оддел

| Нерешени премети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **131** | **1261** | **4** | **0** | **1396** | **1272** | **124** |

## 5.Квалитет на предметите на ниво на суд

Квалитет на предмети кривичен оддел

| Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | Број | % | број | % | број | % |
| **913** | **38** | **4,2%** | **29** | **3,2%** | **11** | **1,2%** |

Квалитет на предмети граѓански оддел

| Решени предмети | потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | Број | % | број | % | број | % |
| **217** | **38** | **17,5%** | **4** | **1,8%** | **3** | **1,4%** |

## 6.Состојба на стари предмети

| Стари предмети 2022 година | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Остаток од 01/01/2022** | | | **Новопримени** | | | | **Вкупно во работа** | | | | **Решени** | | | | **Остаток на 31/12/2022** | | |
| | **2015** | **2018** | **2019** | **2015** | **2018** | **2019** | **2020** | **2015** | **2018** | **2019** | **2020** | **2015** | **2018** | **2019** | **2020** | **2018** | **2019** | **2020** |
| **К** | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 8 | 2 | 3 | 3 | 8 | 2 | 2 | 3 | 3 | 1 | 0 | 5 |
| **ПРК** | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 1 | 7 | 0 | 0 | 6 | 7 | 0 | 0 | 3 | 2 | 0 | 3 | 5 |
| **КУИКП** | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| **П1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **ВПП1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **ВКУПНО** | **1** | **3** | **8** | **1** | **2** | **2** | **17** | **2** | **5** | **10** | **17** | **2** | **4** | **6** | **6** | **1** | **4** | **11** |

# ПРСТОРНИ УСЛОВИ, ОПРЕМА И ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА.

Основен суд Виница е сместен во зграда коа во целост не ги задоволува просторните потреби на судот. Недостасува уште една сала за судење и магационерски простор. Судот има само една судска сала а нема магацински простор. Има сопствено парно и е опремен со потребниот мебел. Просториите се во најголем дел климатизирани. Судот располага со едно моторно возило кое е старо (19 години) од 2002 година и потребно е да се изврши јавна набавка на ново возило, како што е направено во поголемиот број од судовите. Во судот има три централни печатари, еден централен печатар кој се користи на спратот, а еден на приземјето . Додека централниот печатар кој е од 2010 година се користи за фотокопирање и скенирање.

Судот располага со информатичка технологија, опремен е со компјутери, има два скенери, се користи интернетот и електронската пошта. Потребно е обновување на постоечкото мрежно поврзување, кое е старо од месец март 2009 година.

**Извештај за човечки ресурси**

Организациска поставеност и ситематизација, планирани и реализирани вработувања

Управувањето со човечките ресурси е основна функција на секоја организација затоа што луѓето се најважниот ресурс на организацијата а судството е организација која зависи многу од индивидуалните придонеси.

Ефективноста на овие услуги во голема мера зависи од знаењето, вештината, способностите и ангажираноста на вработените. Политиките и практиките кои вклучуваат вработување и задржување на работна сила, обука и развој, напредување во кариерата, проценка на успешноста, односите со вработените и другите клучни одговорности за човекови ресурси, можат сите да влијаат врз ставовите и однесувањето на вработените и имаат потенцијал да ја поткопаат или зајакнат нивната ефикасност .

Основен суд Виница, работи со недоволен број на извршители-судски службеници бидејќи испразнетите работни места по основ исполнување на услови за старосна пензија и со отказ од страна на работникот не се

пополнуваат, остануваат со години непополнети.

Согласно Правилникот за организација и систематизација на работните места, работните места во Основен суд Виница се систематизирани на дваесетиеден (21) работни места, на кои се предвидени 38 (триесетиосум) извршители за поделните работни места.

Судот во текот на 2022 година работеше со 16 работници - извршители од кои: 3 Стручни судски службеници од кои: еден (1)-советник-информатичар, еден (1) судски соработник и еден (1) помлад судски соработник. Тринаесет (13) административно - технички службеници и тоа : 2 самостојни судски референти – водители на писарница во кривично и извршно, 1- самостоен референт- сметководител кој поради недостаток на човечки ресурси работи и како технички секретар на претседателот на судот, води евиденција и издавање на канцелариски материјали, уписниците Су-01, 02, 03, 04, 05, Су-изз, Су-дов, Су-стр.дов.. Два (2) - судски референти - записничар кај судија од кои едниот е подолг период беше на боледување а од 11.10.2022 година замина во старосна пензија. Две (2) лица помлад судски референт судски доставувачи . Пет (5) лица судски полицајци и еден (1) -хигиеничар вработен согласно Законот за работни односи, на кого поради исполнување услови за старосна пензија на ден 05.06.2022 година му престана работниот однос. Ваквата пополнетост на работните места не одговара на обемот на работата во судот, имајќи го во предвид вкупниот годишен прилив на предмети и човечките ресурси со кои располага судот.

Бидејќи во судот во последните две години 2021 и 2022 година на 8 лица им престана работниот однос , поради исполнување на услови за старосна пензија, поради преземање во друг суд и со отказ по сопствено барање, во 2022 година во судот имаше и вработени лица на определено време и тоа : двајца (2)- самостојни референти , еден (1) судски референт, 2(двајца) помлади судски референти, и едно (1) лице хигиеничар на кои работниот однос им престана на 31.12.2022 година.

Иако со Годишниот план за вработнување за 2022 година како и за 2023 година е побарано и укажано дека упразнеите работни места се неопходно

потребни за работењето на судот бидејќи судот не располага со човечки ресурси кои би можеле да бидат распоредени на тие места. Освен тоа станува збор за испразнети работни места и вработувањето не предизвикува фискални импликации. Работите на испразнетото работно место во 2019 година самостоен референт- водител на писарница ( кое се уште не е пополнето) за сите граѓански предмети им се дополнително распоредени на самостојните референти- водители на писарница во кривично и за извршување на санкции што преставува дополнително оптеретување за нив, не само како нова работа, туку и како обем на работа. Во судот недостасува од испразнетите а непополнети работни места еден (1) извршител –самостоен судски референт - водител на писарница во граѓански оддел (испразнето во 2019 год.,), еден (1) извршител- самостен судски референт- за прием и експедиција на пошта,(испразнето во 2020 год.,),еден (1) извршител –самостен судски референт -водител на писарница во прекршочен оддел,(испразнето во 2021 година), трои (3) извршители - судски референти-записничар кај судија (кои места се испразнети на почетокот од 2021 и средината 2022 година а не пополнети ), 3(три) извршител - помлад судски референт – судски доставувач - кои се испразнети во текот на 2021 и 2022 година поради исполнување на старосна пензија и престанок на работен однос на сопствено барање и 1(еден) извршител хигиеничар на кој работниот однос му престана во јуни 2022 година поради исполнување на услови за старосна пензија. Во моментот судот работи само со еден судски референт-записничар. Потребно е да се пополнат напред наведените испразнети работни места бидејќи за истите веќе се предвидени- планирани средства, односно постојат средства и не се работи за нови работни места, а истите е неопходно е потребно да бидат пополнети како судот би можел ефикасно да ја извршува функцијата. Сето ова е во функција за зголемување на довербата во судството.

Виница | Претседател на судот

Февруари 2023 | Сузана Спасова